Australian Government
Department of Health and Aged Care




# Минути на нега во старски домови

**Секој старски дом мора да обезбеди одредено време на нега за секој кој живее во домот. Негата мора да ја пружаат регистрирани медицински сестри, запишани медицински сестри (enrolled nurses), работници за лична нега и помошници за нега. Тоа се вика одговорност за минути на нега (care minutes responsibility).**

## Што се променило?

Во 2021 година, Royal Commission into Aged Care Quality and Safety [Кралската комисија за квалитет и безбедност во негата на стари лица] (Royal Commission) препорача секој старски дом да има одговорност за минути на нега врз основа на потребите на неговите станари. Австралиската влада ги направи овие минути на нега задолжителни од 1-ви октомври 2023 година.

## Зошто е ова важно?

Кралската комисија идентификува дека бројот на персонал е клучен за квалитетот на резиденцијалната нега што ја добиваат постарите луѓе во Австралија. Задолжителни минути на нега значи дека луѓето кои живеат во старски домови ширум Австралија ќе имаат подобар пристап до лична и клиничка нега.

## Колку нега ќе добие секое лице?

Во просек, луѓето кои живеат во старски домови ќе добиваат 215 минути нега секој ден, вклучувајќи најмалку 44 минути од регистрирана медицинска сестра. Нема сето ова време на грижа да се посвети лице во лице. На пример, активностите како што се подготвување на планови за нега, поврзување со членови на семејството околу прашања за негата и организирање термини со други здравствени работници се вклучени во минутите на нега.

Бидејќи целите за минутите на нега се дадени како просечни за сите станари, некои луѓе може да добијат повеќе минути на нега, а други помалку, во зависност од нивната лична нега и клиничките потреби.

## Како старските домови ги пресметуваат нивните цели во поглед на минутите на нега?

Старските домови ги пресметуваат нивните цели во поглед на минутите на нега секои три месеци (или секој квартал во годината). Тие се врз основа на потребите од нега на луѓето кои живееле во домот во претходните три месеци. Тоа значи дека секој квартал тие ќе имаат различни цели. Вие, како и вашето семејство и негувателите, можете да ги видите сегашните минути на нега во вашиот дом на нашата веб-страница во поглавјето за податоци: www.health.gov.au/resources/collections/care-minutes-and-247-registered-nurse-responsibility-resources#data.

## Како можам да видам дали мојот дом ги исполнува неговите цели во поглед на минутите на нега?

Исполнувањето на целите во поглед на минутите на нега се мери како дел од Staffing Star Rating (оценување со ѕвездички на пополнетоста со персонал) за секој старски дом. Вие може да го видите рејтингот за број на персонал на вашиот дом, како и времето на нега што се укажува во вашиот дом во споредба со неговите цели, преку алатката 'Find a Provider' на My Aged Care во колоната Staffing Star Rating: myagedcare.gov.au/find-a-provider.

Овие информации се ажурираат околу четири месеци после крајот на секој квартал.

Тоа исто така може да го видите на нашата веб-страница:
https://www.health.gov.au/resources/publications/service-level-care-minutes-performance-in-residential-aged-care-from-october-2023

## Што ако мојот старски дом нема доволно персонал?

Во некои делови на Австралија, како што се регионалните и оддалечени подрачја во внатрешноста, на старските домови може да им биде тешко да ги најдат сите потребни работници за нега. Владата соработува со сите старски домови за да им помогне да добијат повеќе работници за нега. Дознајте повеќе: health.gov.au/topics/aged-care-workforce/what-were-doing.

## Што да правам ако ме загрижува пополнетоста со персонал во мојот старски дом?

Ако ве загрижува точноста на минутите на нега пријавени за вашиот старски дом, може да ни пратите имејл на адресата ANACCReportingAssessments@health.gov.au.

Комисијата за квалитет и безбедност во негата на стари лица помага да се заштити квалитетот на живот на луѓето кои живеат во старски домови. Комисијата ќе помогне онаму каде што постои загриженост за укажаната нега. Ако ве загрижува пополнетоста со персонал или која било друга работа во вашиот старски дом, можете да поднесете жалба до Комисијата со посета на нивната веб-страница на agedcarequality.gov.au/making-complaint или со јавување на 1800 951 822. Жалбите може да бидат отворени, во доверба или анонимни.

## Ајде заедно да ја измениме негата на стари лица

Ги покануваме Австралијаните да продолжат да го кажуваат своето мислење за реформите во негата за стари лица.

Посетете ја веб-страницата **agedcareengagement.health.gov.au**

Телефон **1800 318 209** (Бесплатна телефонска линија за реформи во негата на стари лица)

За усно и писмено преведување јавете се на 131 450 и побарајте да ве поврзат со 1800 318 209.
За да користите National Relay Service, одете на веб-страницата nrschat.nrscall.gov.au/nrs за да ја одберете вашата претпочитана точка на пристап на нивната веб-страница, или јавете се на NRS Helpdesk на 1800 555 660.